**Известување за концентрација со која Инит Група АпС, Данска ќе стекне самостојна контрола над Небб Инженеринг АД, Норвешка и неговите зависни друштва**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 08.08.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација која се однесува на стекнување на самостојна контрола од страна на Инит Група АпС, со седиште на Ц/О Пикка Аутомејшн А/С Гладсаксевеј 382, 3 2860 Соборг, Данска над друштвото Небб Инженеринг АД, со регистрирано седиште на Солбревеиен 43, 1383 Аскер, Норвешка и неговите зависни друштва.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**Инит Група АпС** е дел од Инит групацијата на друштва која обезбедува одржливи, иновативни и долгорочни решенија за ИТ и автоматизација специфични за одредена индустрија за широк спектар на производствени компании во Скандинавија и во странство. Клиентите може да се групираат во следните девет деловни области: животна наука, алати, производство, храна и пијалоци, инфраструктура, згради, морски и офшор, енергија, вода и земјоделство. Мнозински сопственик е Аксел, нордиски приватен инвестициски фонд, со фокус на инвестиции во средни компании во индустрискиот, техничкиот, потрошувачки и здравствениот сектор, и со широка база на нордиски и меѓународни инвеститори. Аксел фондовите немаат инвестирано во кое било друго портфолио друштво со исти активности како Инит Групацијата, ниту кое било од портфолиото друштва има активности во Република Северна Македонија.

Инит Групацијата нема регистрирано присуство ниту остварува било какви активности или приход во Република Северна Македонија.

**Небб Инженеринг АД** е дел од групацијата на друштва за индустриска дигитализација Небб, основана во Норвешка. Небб Групацијата испорачува контролни системи, контролни производи и софтверски инженерски услуги и прави дигитализација од перспектива на оперативна технологија.

Небб Групацијата има регистрирано присуство во Северна Македонија преку следниве зависни друштва:

- Друштво за производство, обработка и развој на софтверски инжинеринг НЕББ СОЛУШНС ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на 11 Октомври бр.3а, Центар, Скопје и регистрирана приоритетна дејност компјутерско програмирање; и

- Друштво за софтверски инжинеринг ФОУР СОЛУШНС ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на 11 октомври бр.3а, Центар, Скопје и регистрирана приоритетна дејност компјутерско програмирање.

По однос на **релевантниот пазар на стоки** за предметната концентрација, Подносителот предлага дека истиот би можел да се дефинира како пазар за решенија и услуги за индустриска автоматизација.

По однос на **географскиот пазар** за предметната концентрација, Подносителот предлага дека истиот би можел да се дефинира како територијата на Република Северна Македонија.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува сите заинтересирани страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

11.08.2023 година, Скопје